# ОПШТИНА БИТОЛА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2021 ГОДИНА

Предлагач:
Градоначалник на Општина Битола
Тони Коњановски

Изготвил:
Благица Талевска
рак. на Одд за буџетска координација
Контролирал
Наташа Лукиќ
Пом.рак.на Сектор за Финансиски прашања

*Битола, Март 2022 година*

Содржина:

- Вовед 2
- Годишна сметка / наративен дел 3
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност 17
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности 21
- Изјава од одговорниот сметководител
- Прилози
- Бруто биланс сметка Буџет
- Биланс на состојба сметка Орган

# 1.Вовед

## Основни податоци за Општината

Број на жители 95.385
Површина и населени места 794,53 км2

Битола е лоцирана во југозападниот дел на Македонија и се наоѓа на само 13 км оддалеченост од границите на ЕУ. Битола е еден од најголемите градови во Македонија, со околу 95.385 жители во градот и околните 64 рурални населби. Градот има долга и богата историја која допира дури до неолитскиот период.

## Надлежност

Согласно одредбите на Законот за локална самоуправа и Статутот на општина Битола во кои е уредено вршењето на работите од јавен интерес, како и работите кои не се исклучени од надлежност на општините или не се во надлежност на државните органи, Општината врши работи од јавен интерес од локално значење. Во таа насока надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината**

Претпоставките врз основа на кои се заснива подготвувањето на Буџетот на Општина Битола произлегуваат од законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Битола, Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002), Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09), Законот за буџетите (Службен весник број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11,171/12, 192/15 и 167/16), макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2021 година добиени од Министерството за Финансии на Република Северна Македонија.

Советот на Општина Битола на седница одржана на ден 28.12.2020 година, го донесе Буџетот на Општина Битола за 2021 година. На истата седница е донесена и Одлуката за извршување на буџетот на Општина Битола за 2021 година.

Во текот на 2021 година се донесени четири Одлуки за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2021 година (пренамена) и тоа на: 69-тата седница одржана на ден 18.02.2021 година, 72-та седница одржана на ден 05.04.2021 година, 73-тата седница одржана на ден 26.04.2021 година, 76-тата седница одржана на ден 07.06.2021 година и пет Одлуки за проширување на Буџетот на Општина Битола донесени на 68-та седница одржана на ден 22.01.2021 година, 69-тата седница одржана на ден 18.02.2021 година, 71-та седница одржана на ден 15.03.2021 година, на 73-тата седница одржана на ден 12.04.2021 година и на 76-тата седница одржана на ден 07.06.2021 година.

Усвоени се две Одлуки за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Битола за 2021 година донесени на 77-та седница на Совет на Општина Битола одржана на ден 11.06.2021 година и и на 1-ва седница на ден 15.11.2021 година. Исто така, усвоена е една Измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2021 година на 78-та седница на ден 09.07.2021 година. Измената и дополнувањето беше извршено заради усогласување на приходниот со расходниот дел во основнот буџет, како и заради потребите од усогласување на приходите и расходите на буџетите на локалните јавни установи.

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА

### 2.1.Приходи на Општината

Успешноста на планирањето се согледува низ споредбени показатели или сооднос на планираните и реализираните приходи во буџетот.Тие показатели ќе ја дадат и оценката за успешноста во работењето на даночната администрација пред се во планирањето и наплатата на сопствените општински приходи, како и напорите кои ги прават органите на општина Битола со цел обезбедување на дополнителни средства од програмите на надлежните министерства и донации од земјата и странство со што би се реализирале одредени проекти потребни за општината.

***Даночните приходи се остварени како резултат на:***

- 38.866 решенија на данок на имот,
- 5.008 решенија за фирмарина,
- 1388 решенија за купопродажба,
- 1959 решенија за наследство и подарок,
- 61 решенија за комунална такса за музика во јавни локали,
- 155 пресметки за уредување на градежно земјиште,
- 118 пресметки за легализација,
- 133 одобренија за прекопи на објекти од комунална инфраструктура,
- 21 барања за издавање на дозвола за вградување на подземни инсталации,
- 46 издадени лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници,
- 11 дозволи за општински линиски превоз,
- 19 изводи од лиценци,
- 2 дозволи за движење по широк сокак,
- 3 одобренија за вонреден превоз,
- 28 времен режим на сообраќај,
- 9 траен режим на сообраќај,
- 1 лиценца за отстранување оштетени хаварисани возила,
- 293 одобренија за градење,
- 2 проекти за инфраструктура,
- 39 елаборати за животна средина,
- 1 АУП и др.

***Неданочните приходи се резултат на:***

- 304 издадени одобренија за користење на урбана опрема,
- 830 излезни фактури за закупнини,
- 373 уверенија за куќен број,
- 1698 изводи од план,
- 406 уверенија во или вон градежен регион,
- 8 запишување на ифраструктурни објекти,
- 400 прибележување, предбележување, запишување на одобренијата во катастар,
- 4 физичка делба,
- 13 промена на катастарска култура,
- 270 запишување на легализација,
- 2 промена на наслов,
- 2 бришење на прибелешки,
- 200 имотни листови,
- 16 историјати,
- 5 исправки на технички грешки и др приходи.

***Дел од капиталните приходи*** се остварени како резултат на пресметки за надомест за бесправно изградени објекти, надомест за концесија за експлатација на минерални суровини и приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата.

***Трансферите ги сочинуваат*** трансферите од Агенцијата за патишта за средства од зимската служба, Дотациите од ДДВ, од Агенцијата за рурален развој за изградба и проширување на локален пат с.Маловишта и за уредување на излетничко место во с.Лопатица, преку Бирото за регионален развој –изработка на техничка документација за локален пат с. Магарево и пренесениот вишок на приходи од минатата година.

## На сметката Основен буџет на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **1.189.265.498** | **766.883.459** |
| **71 Даночни приходи** | **458.796.125** | **393.298.421** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 33.525.000 | 27.180.665 |
| 713 Даноци на имот | 165.300.000 | 170.087.121 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 226.639.000 | 178.276.380 |
| 718 Такси за користење или дозволи за вршење дејност | 33.332.125 | 17.754.255 |
| **72 Неданочни приходи** | **33.952.000** | **24.863.469** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 4.002.000 | 2.794.787 |
| 723 Такси и надоместоци | 14.000.000 | 9.206.142 |
| 725 Други неданочни приходи | 15.950.000 | 12.862.540 |
| **73 Капитални приходи** | **192.080.221** | **100.595.804** |
| 731 Продажба на капитални средства | | 553 |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 192.080.221 | 100.595.251 |
| **74 Трансфери и донации** | **504.437.152** | **248.125.765** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 504.437.152 | 248.125.765 |




**сл.1 Вкупни приходи сметка Основен буџет**

Графички вкупните приходи на основниот буџет се прикажани на слика 1. Од сликата можат да се утврдат позитивните и/или негативните трендови на планирање или отстапувања доколку за истите се утврди дека ги има.

## 71 Планираните даночни приходи се остварени со 85,72%

Ставка 711-Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, од планираните 33.525.000,00 денари од вкупниот буџет, отварени приходи се во износ од 27.180.665,00 денари или 81,08%.

Ставка 713-Данок на имот од планираните во вкупниот буџет 165.300.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 170.087.121,00 денари или над планираниот износ.

Ставка 717-Данок на специфични услуги од планираните 226.639.000,00 денари остварени приходи се во износ од 178.276.380,00 денари, или 78,66%.

Ставка 718-Такси за користење или дозволи за вршење дејност од планираните 33.332.125,00 денари остварени се 17.754.255,00 денари, или 53,26%.

**72 Планираните неданочни приходи се остварени со 73,23%**

Ставка 722-Глоби,судски и административни такси од планираните 4.002.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 2.794.787,00 денари или 69,83%.

Ставка 723-Такси и надоместоци во од планираните 14.000.000,00 денари остварени приходи се во износ од 9.206.142,00 денари, или 65,76%.

Ставка 725-Други неданочни приходи од планираните 15.950.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 12.862.540,00 денари , или 80,64%.

**73 Планираните капитални приходи остварени се со 52,37%**

Ставка 731-Продажба на капитални средства не се планирани средства, но се остварени се приходи од 553,00 денари.

Ставка 733-Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 192.080.221,00 денари, остварени се приходи од 100.595.251,00 денари или 52,37%.

**74 Планираните трансфери и донации оставарени се со 49,19%**

Ставка 741-Трансфери од други нивоа на власт од планираните 504.437.152,00 денари, остварени се приходи во износ од 248.125.765,00 денари или 49,19%.

**Вкупните приходи на Општина Битола во 2021 година се реализирани со 64,48%.**

**На сметката Самофинансирачки активности планирани се и реализирани следните приходи**

| | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **118.322.392** | **46.638.284** |
| **71 Даночни приходи** | | |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | | |
| **72 Неданочни приходи** | **118.322.392** | **41.895.892** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | | 3.401 |
| 722 Глоби, судски и административни такси | | 4.100 |
| 723 Такси и надоместоци | 108.108.692 | 37.583.506 |
| 725 Други неданочни приходи | 10.213.700 | 4.304.885 |
| **74 Трансфери и донации** | | **4.742.392** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | | 4.742.392 |




**сл.2 Вкупни приходи сметка Самофинсирачки активности**

**Вкупните приходи на сметката Самофинансирачки активности се реализирани со 39,42%.**

Пооделно остварувањето на приходите кај локалните јавни установи Советот на Општина Битола ќе може да ги констатира преку разгледување на завршните сметки на локалните јавни установи.

## На сметката Донации планирани се и реализирани следните приходи

| | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **155.718.541** | **75.765.963** |
| **74 Трансфери и донации** | **155.718.541** | **75.765.963** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 1.762.000 | 7.016.460 |
| 742 Донации од странство | 134.160.684 | 55.573.821 |
| 744 Тековни донации | 19.795.857 | 13.175.682 |




**сл.3 Вкупни приходи сметка Донации**

Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени од Донации во општината, и локалните јавни установи

До крајот на 2021 година остварени се приходи по основ на Донации и тоа:

**Во сметките за Донации** планирани со вкупен износ 155.718.541,00 денари донациите на основните и средни училишта, детските градинки,општината на оваа сметка има остварување на приход од 75.765.963,00 денари или 48,66%.

## 2.2 Расходи на Општината

Законските прописи и програмското планирање се основа за планирање на расходната страна на буџетот на Општина Битола. Под програмско планирање се донесените програмите од страна на Советот на Општина Битола утврдени согласно со надлежностите.

Расходната страна на Основниот буџет на Општината Битола може да се прикажува по видови по сметки и програми. Согласно програмската класификација во Буџетот на Општина Битола се опфатени 33 програми. Реализацијата на расходите во текот на цела 2021 година е извршена како резултат на спроведени **190 постапки за јавни набавки** од одделението за јавни набавки, добиени **2502 фактури** во одделението за сметководство и други расходи предвидени согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09).

**На сметката на основниот буџет на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1.189.265.498** | **766.883.459** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **92.148.600** | **76.019.870** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 58.306.600 | 47.542.456 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 22.102.000 | 18.198.873 |
| 404 Надоместоци | 11.740.000 | 10.278.541 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **1.700.000** | **1.210.018** |
| 412 Постојана резерва | 1.500.000 | 1.210.018 |
| 413 Тековни резерви | 200.000 | |
| **42 Стоки и услуги** | **273.193.211** | **181.457.655** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.378.700 | 453.182 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 92.108.900 | 50.437.804 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 12.176.446 | 7.088.115 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 111.474.495 | 88.769.466 |
| 425 Договорни услуги | 28.291.590 | 15.953.240 |
| 426 Тековни расходи | 20.763.080 | 12.688.550 |
| 427 Привремени вработувања | 7.000.000 | 6.067.298 |
| **45 Каматни плаќања** | **200.000** | **38.323** |
| 452 Каматни плаќања за домашни задолжувања | 200.000 | 38.323 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **98.460.317** | **89.978.920** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 41.527.246 | 39.348.246 |
| 464 Разни трансфери | 53.233.071 | 48.000.727 |
| 465 Исплата по извршни раправи | 3.700.000 | 2.629.947 |
| **47 Социјални бенифиции** | **8.650.000** | **7.892.268** |
| 471 Социјални надоместоци | 8.650.000 | 7.892.268 |
| **48 Капитални расходи** | **700.413.370** | **396.004.693** |
| 480 Купување на опрема и машини | 49.733.300 | 9.910.720 |
| 482 Други градежни објекти | 622.900.070 | 362.937.539 |
| 483 Купување на мебел | 290.000 | 139.599 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 9.500.000 | 5.478.230 |

| | | |
|---|---|---|
| 486 Купување на возила | 17.990.000 | 17.538.605 |
| **49 Отплата на главница** | **14.500.000** | **14.281.712** |
| 491 Отплата на главнина | 14.500.000 | 14.281.712 |

**сл.4 Вкупни расходи сметка Основен буџет**




***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401-Основни плати реализирани се расходи во износ од 47.542.456,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 58.306.600,00 денари.

Ставка 402-Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 18.198.873,00 денари од вкупно планирани во буџетот 22.102.000,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци реализирани се трошоци од 10.278.541,00 денари од планираните 11.740.000,00 денари.

Ставка 412-Постојана резерва реализирана со 1.210.000,00 денари, од планираните 1.500.000,00 денари.

Ставка 413-Тековни резерви не се реализирани трошоци од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420-Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 453.182,00 денари од планираните 1.378.700,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги ,греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во износ од 50.437.804,00 денари, од планираните 92.108.900,00 денари.

Ставка 423-Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи во износ од 7.088.115,00 денари, од планираните 12.176.446,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 88.769.466,00 денари од планираните 111.474.495,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 15.953.240,00 денари од планираните 28.291.590,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци во износ од 12.688.550,00 денари, од планираните 20.763.080,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427-Привремени вработувања, реализирани се трошоци во износ од 6.067.298,00 денари, од планираните 7.000.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 452-Каматни плаќања кон домашни кредитори планирани се средства во износ од 200.000,00 денари, реализирани се трошоци во износ 38.323,00 денари.

Ставка 463-Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци во износ од 39.348.246,00 денари, од планираните 41.527.246,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери реализирани се трошоци во износ од 48.000.727,00 денари од планираните 53.233.071,00 денари.

Ставка 465-Исплата по извршни исправи бил планиран износ од 3.700.000,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 2.629.947,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во износ од 7.892.268,00 денари од планираните 8.650.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480-Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ од 9.910.720,00 денари од планираните 49.733.300,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 362.937.539,00 денари од планираните 622.900.070,00 денари.

Ставка 483-Купување на мебел, се реализирани расходи во износ од 139.599,00 денари од планираните 290.000,00 денари.

Ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во износ од 5.478.230,00 денари од планираните 9.500.000,00 денари.

Ставка 486-Купување на возила се реализирани расходи од износ од 17.538.605,00 денари од планираните 17.990.000,00 денари.

Ставка 491-Отплата на главница, реализирани расходи во износ од 14.281.712,00 денари од планираните 14.500.000,00 денари.

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 64,48%. Програмата А0-Совет на општината е извршен 93,96%, програмата А1-Изборни активности и референдум е извршена 91,18%, програмата Г1-Локален економски развој е извршена со 85,64%, програмата Г2-Поттикнување на развојот на туризмот е извршена 73,01%, програмата ГД-Проекти за енергетска ефикасност е извршена со 66,98%, програмата Д0-Градоначалник е извршена со 70,36%, Д1-Месна самоуправа 32,90%, програмата Е0-Општинска администрација исполнета со 79,12%, програмата ЕА-Капитални трошоци на општината е реализирана со 41,87%, програмата Ј3-Јавно осветление е извршена со 54,35%, програма Ј4-Јавна чистота со 94,98%, програма Ј6-Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот е исполнета со 70,82%, програма Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило со 100%, програма Ј8-Поправки и тековно одржување е реализирана со 39,88%, ЈА-Др.градежни работи реализирана со 77,34%, ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување реализира е со 61,06%, ЈД0-Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици со 53,39%, ЈДИ- Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици (Илинденска-развојна) со 51,62%, ЈДН- Реконструкција на улица Ѓорѓи Беќаров

е извршена 63,15%, ЈДС Реконструкција на локален пат с.Буково е извршена 76,46%, ЈИ- Изградба на атмосферска и фекална канализација со 39,06%, ЈИА- Реконструкција на фекална канализација на улица Довлеџик е извршена 92,13%, ЈИК- Изградба на колекторски систем с.Буково е извршена 19,01%, ЈИН-Реконструкција на фекална канализација улица Довлеџик е извршена 74,73%, ЈЛ-Други комунални услуги (капитални расходи) е реализирана со 60,78%, ЈФ- Изградба на сообраќајна сигнализација е извршена 1,25%, К3- Музејска и кинотечна дејност со 76,44%, К4- Културни манифестации и творештво е реализирана со 52,26%, КА- Културни манифестации и творештво е извршена 5,92%, КАБ- Ревитализација на поранешен Офицерски дом е извршена 84,44%, ЛО-Спорт и рекреација со 100%, ЛАА-Реконструкција на фудбалски стадион под Тумбе-кафе (капитални расходи) со 90,03%, Н1- Основно образование со 78,30%, НА-Капитални расходи за основно образование со 93,27%, ЊО- Противпожарна заштита со 48,53%, ЊА- Противпожарна заштита (капитални расходи) со 37,30%, Р1-Заштита на животна средина и природа со 45,91%, РА- Заштита на животна средина и природа (капитални расходи) е извршена 5,44%, Ф1- Урбанистичко планирање со 1,98% и Х1- Родова еднаквост со 77%.

**Ставките 401,402,404 Основни плати и надоместоци** - се однесуваат на плати, надоместоци од плати и придонеси од плати за вработени, како и други надоместоци за советниците, за 12 месеци реализирани во вкупен износ **76.019.870,00 денари**.

**Ставката 412 Постојана резерва-** ги опфќа расходите за штети од поплави во вкупнен износ од **1.210.018,00 денари.**

**Ставката 420 Патни и дневни расходи** ги опфаќа патувањата во земјата и странство на вработените во општинската администрација, градоначалникот, претставниците од советот на општината и надворешни соработници, реализирани се во вкупен износ од **453.182,00 денари.**

**Ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** ги опфаќа трошоците за електрична енергија за општината, месните заедници, вода и канализација, ѓубретарина, течни горива за општината, противпожарната заштита, уличното осветлување, телефон и телефакс за општинската администрација и членовите на советот на општината, пошта, горива и масла за возилата, регистрација на моторните возила, и транспорт на луѓе (општински линиски превоз), и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1-основно образование реализирана е вкупен износ од **50.437.804,00 денари.**

**Ставката 423 Алат и ситен инвентар** опфаќа: канцелариски материјал, весници, списанија и други изданија, униформи, прехрамбени артикли и пијалаци, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, и други материјали, и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1-основно образование реализирана е со вкупен износ од **7.088.115,00 денари.**

**Ставката 424 Поправка и тековно одржување** ги опфаќа поправката на возилата и тоа лесните возила и возилата во ТППЕ, одржувањето на зградата, дезинфекција, деритизација, поправка и одржување на опремата, поправка и одржување на хардверска и софтверска опрема, поправка и одржување на уличното осветление и одржување на јавните зелени површини, и трошоците на училиштата

реализирани преку програмата Н1-основно образование реализирана е во износ од **88.769.466,00 денари.**

**Ставката 425 Договорни услуги** ги опфаќа осигурувањата на возилата, недвижностите и правата, изработката на просторни и урбанистички планови, услугите за копирање и печатење, и договорни услуги од други лица (изведувачи физички лица за културни манифестации, лица вклучени за достава на решенија и др), консултански услуги, и трошоците на училиштата реализирани преку програмата Н1- основно образование, вкупната реализација е во износ од **15.953.240,00 денари.**

**Ставка 426 Други тековни расходи** опфаќаат членарини во домашни организации, расходи за репрезентација и други опративни расходи. Реализирани се во износ од **12.688.550,00 денари,** најголем дел опфаќаат другите оперативни расходи (уплати за поднесување на завршни сметки, трошоци кон Агенцијата за катастар на недвижности за имотни листови за имот на Општина Битола, спроведување на решенија за експропријација, миење на службените возила на општината, следење на културните настани и нивно претставување во електронските медиуми, поставување и собирање на знамиња, изведувачи правни лица за културни манифестации, организирање на јавни презентации и јавни анкети за урбанистички документации др.)

**Ставка 427 Привремени вработувања** е ставка за исплата на лица ангажирани во општината за вршење на административни работи и истата е реализирана во вкупен износ од **6.067.298,00 денари.**

**Ставка 452 Каматни плаќања за домашно задолжување** е реализирана во износ од **38.323,00 денари,** а се однесуваат на плаќање камата за средствата кои се повлечени како транши со заемот од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за Проектот за подобрување на општинските услуги.

**Ставка 463 Трансфери до невладини организации и спортски здруженија** е реализирана во износ од **39.348.246,00 денари**, а се однесуваат на трансфери до здруженија и граѓани, и трансфери до спортски клубови за подршка и реализација на нивните програми.

**Ставката 464 Разни трансфери** опфаќа плаќања во вкупен износ од **48.000.727,00 денари** и тоа за плаќања по судски решенија, за трансфери при пензионирања, трансфери по основ на решенија за боледување подолго од 6 месеци, трансфер до Центарот за развој на Пелагонискиот регион според бројот на жителите, рефундирање на трошоци на учениците за превоз, партиципација за згрижување на деца на самохрани родители во градинките, трансфери по основ на субвенции за клима уреди-инвертери, трансфери за културни манифестации од програмата за Култура за 2021 година и др.

**Ставката 465 Исплата по извршни исправи** опфаќа плаќања во вкупен износ од **2.629.947,00 денари** и тоа за плаќања на извршни исправи, трошоци и камати по извршни исправи.

**Ставка 471 Социјални бенифиции** реализирана е во износ од **7.892.268,00 денари** е наменета за помош на лица - социјални случаеви по решение од комисија за финансии и буџет или решение од градоначалник, а во согласност со Одлуката за

определување на критериумите за распределба на средства, како финансиска помош од Општина Битола.

**Ставка 480 Купување на опрема и машини** реализирана е со износ од **9.910.720,00 денари** и ги опфаќа купување на информатичка и видео опрема за потребите на општината, соларни клупи пред Кино Манаки и пред Фонтана Филип втори, набавка на транспортер за инвалидска количка за Офицерски Дом, набавка ПП апарати и дувалка за ТППЕ, набавка на греалки за во Кино Манаки, и др.

**Ставката 482 Други градежни објекти** е наменета за капиталните расходи (улици, патишта, водоводи, канализација и др објекти) на општината и е реализирана со вкупен износ од **362.937.539,00 денари.**

**Ставката 483 Купување на мебел** е наменета за купување на мебел и маси за пунктот за вакцинација и е реализирана со вкупен износ од **139.599,00 денари.**

**Ставката 485 Вложувања и нефинансиски средства** реализирана е во износ од **5.478.230,00 денари** за надомест за експропријација, за купување на компјутерски софтвер, лиценци и др.

**Ставката 486 Купување на возила** реализирана е во износ од **17.538.605,00 денари** за надомест за експропријација, за купување на компјутерски софтвер, лиценци и др.

**Ставка 491 Отплата на главнина** реализирана е во износ од **14.281.712,00 денари**, за отплата на шестата и седмата рата главнината за кредитот од Светска банка за АРМ четврт 1 и 2.

**На сметката Самофинансирачки активности на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **118.322.392** | **46.638.284** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **2.639.292** | |
| 401 Основни плати и надоместоци | 1.939.936 | |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 699.356 | |
| **42 Стоки и услуги** | **93.183.100** | **41.827.328** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.433.000 | 179.654 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 15.097.000 | 10.000.377 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 38.817.400 | 16.810.724 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 17.662.200 | 6.645.150 |
| 425 Договорни услуги | 13.390.100 | 6.205.253 |
| 426 Тековни расходи | 6.263.400 | 1.986.170 |
| 427 Привремени вработувања | 520.000 | |
| **46 Субвенции и трансфери** | **1.199.000** | **65.675** |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 1.199.000 | 65.675 |
| **48 Капитални расходи** | **21.301.000** | **4.745.281** |
| 480 Купување на опрема и машини | 10.698.000 | 1.721.942 |
| 481 Градежни објекти | 100.000 | |

| | | |
|---|---|---|
| 482 Други градежни објекти | 3.820.000 | 289.559 |
| 483 Купување мебел | 5.655.000 | 2.728.000 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 1.028.000 | 5.780 |




**сл.5 Вкупни расходи сметка Самофинансирачки активности**

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** се реализирани со 46.638.284,00 денари од планираните 118.322.392,00 денари или 39,42% и тоа:

Ставка 401- Основни плати планирани се трошоци во износ од 1.939.936,00 денари, не се реализирани средства.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани се трошоци во износ од 699.356,00 денари не се реализирани средства .

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.433.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 179.654,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 15.097.000,00 денари, реализирани се 10.000.377,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 38.817.400,00 денари реализирани се 16.810.724,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 17.662.200,00 денари, реализирани се 6.645.150,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 13.390.100,00 денари реализирани се во износ од 6.205.253,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 6.263.400,00 денари, реализирани се 1.986.170,00 денари.

Ставка 427- Привремени вработувања планирана е со износ од 520.000,00 денари, нема реализација .

Ставка 464- Разни трансфери планирани се средства во износ од 1.199.000,00 денари,реализирани се средства во износ од 65.675,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини од планираните 10.698.000,00 денари, реализирани се 1.721.942,00 денари.

Ставка 481- Градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 100.000,00 денари,не се реализирани трошоци.

Ставка 482- Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 3.820.000,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 289.559,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните средства во износ од 5.655.000,00 денари, реализирани средства во износ од 2.728.000,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните 1.028.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 5.780,00 денари .

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1- Детски градинки со 38,71 %, В2- Дом за стари лица со 73,78%, ВА- Капитални расходи за детските градинки со 27,21%, ВБ- Капитални расходи за Дом за стари лица со 9,13%, К3-Музејска и кинотечна дејност програмата е со 13,86%, Н1- Основно образование со 11,59%, Н2- Средно образование со 28,05%, НА- Капитални расходи за основно образование со 1,23% и НБ-Капитални расходи за средно образование со 13,95%.

**На сметката Донации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **155.718.541** | **75.765.963** |
| **42 Стоки и услуги** | **49.006.130** | **9.566.775** |
| 420 Патни и дневни расходи | 23.515.600 | 1.867.442 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 313.022 | 58.020 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 2.798.612 | 487.001 |
| 424 Поправка и тековно одржување | 22.033 | |
| 425 Договорни услуги | 15.443.710 | 6.447.343 |
| 426 Тековни расходи | 6.913.153 | 706.969 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **25.976.536** | **18.422.674** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 190.000 | 100.500 |
| 464 Разни трансфери | 25.786.536 | 18.322.174 |
| **48 Капитални расходи** | **80.735.875** | **47.776.514** |
| 480 Купување на опрема и машини | 9.273.060 | 4.795.297 |
| 482 Други градежни објекти | 64.144.513 | 38.797.103 |
| 483 Купување мебел | 90.050 | |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 653.700 | 606.278 |
| 486 Купување на возила | 6.574.552 | 3.577.836 |




**сл.6 Вкупни расходи сметка Донации**

Од планираните расходи од Донации реализирани се средства од:

**Донациите** во основните, средните училишта, градинките се рализирани во износ од 15.670.231,00 денари од планираните 49.342.478,00 денари или 31,76%.

**Донација-Кино култура** од планираните 10.904.160,00 денари реализирани се средства од 3.556.924 ,00 денари или 32,62%.

**Донација-Бенефит** од планираните 24.308.464,00 денари реализирани се средства во висина од 12.029.903,00 денари или 49,49%.

**Донација-Детска градинка во АРМ** од планираните 12.090.000,00 денари реализирани се средства во висина од 4.078.240,00 денари или 33,73%.

**Донација-СТАРТ-АП Центар** од планираните 6.150.000,00 денари реализирани се средства во висина од 5.762.477,00 денари или 93,70%.

**Донација-Интеграција зелен транспорт** од планираните 12.172.460,00 денари реализирани се средства во висина од 4.029.921,00 денари или 33,11%.

**Донација-Европа на врата** од планираните 14.800,00 денари, реализирани се 14.194,00 денари или 95,91%

**Донација-Смарт-кул-тур** од планираните 24.161.598,00 денари, реализирани се 21.233.801,00 денари или 87,88%.

**Донација-Ромска здравствена заштита-Еразмус 2-Здравствени медијатори** од планираните 340.000,00 денари реализирани се средства во висина од 100.500,00 денари или 29,56%.

**Донација-Зголемена туристичка понуда на Пелагонискиот регион преку реставрирање и адаптирање на Офицерски дом заедно со партерно уредување** од

планираните 5.879.261,00 денари реализирани се средства во висина од 5.373.665,00 денари или 91,40%.

**Донација-Креирање на можноста за работа за сите** од планираните 900.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 777.600,00 денари или 86,40%.

**Донација-ОКР СРЦ 19** од планираните 480.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 352.160,00 денари или 73,37%

**Донација-Баир-Здружена акција** планирани се средства во износ од 6.138.717,00 денари, но не се реализирани средства.

**Донација-Реконструкција на постоечко спортско игралиште во ромската населба Баир** од планираните средства средства во износ од 136.603,00 денари реализирани се средства во износ 87.047,00 денари или 63,72%.

**Донација-Урбана мобилност-Набавка на транспортно возило за лица со попреченост** од планираните средства средства во износ од 2.700.000,00 денари реализирани се средства во износ 2.699.300,00 денари или 99,97%.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### 3.Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи изготвува и Биланс на состојба кој е потребно да се преточи во објаснување во овој дел на Извештајот. Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата реално ја прикажуваат имотната состојба на општината.

За изготвување на Билансот на состојбата пореално беа формирани пописни комисии со решение од страна на Градоначалник, со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства и ситниот инвентар, како и побарувањата и обврските на Општината.

Централната комисија за попис е во состав:
Вера Китановска- Претседател
Виктор Ивановски- зам.претседател
Наташа Кочовска- член
Борче Груевски- зам. член
Марија Стојановска- член
Дејан Трајковски- зам. член

Според извештајот на Централната комисија за попис, комисијата за недвижности совесно и одговорно ја извршила својата задача и обезбедила податоци за постоечкиот имот кој се води во катастарските книги на Општина Битола.

| | |
|---|---|
| **Други нематеријални права** | 8.666.379,00 денари |
| Исправка на вредноста на др. нематеријални права | 7.927.366,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **739.013,00 денари** |

Вредноста на други нематеријални права ги опфаќа софтверите кои ги употребуваат вработените во општина Битола ( софтвер за подземен катастар, софтвер за финансиско работење, за архивско работење, за следење на финансиската документација, софтвер за одобренија за градба, софтверот за работа на новото јавно претпријатие,нов сервер, софтвер за подршка на бекап податоците,софтвер за аплицирање за инвертер клими, антивирусна програм,лиценца за постоечките компјутери, софтвер за евиденција на работно време и др).

| | |
|---|---|
| **Земјиште за друга намена** | **112.680.529,00 денари** |

Вредноста на земјиштето за друга намена е земјиштето кое Општина Битола го има откупено од физички лица по пат на експропријација и донација полигон за обука на возачи (кп бр 33/2 одобрение за градба уп 30-222/2018 од 30.11.2018).

| | |
|---|---|
| **Градежни објекти** | 1.088.006.481,00 денари |
| Исправка на вредноста | 82.044.598,00 денари |
| **Сегашна вредност на градеж.објекти** | **1.005.961.883,00 денари** |

Вредноста на градежните објекти се однесува на објекти на општината, објекти во урбаните заедници, пречистителната станица во ИЗ Жабени, објекти во касарната, 17 монтажни киосци на шеталиште, Спортска сала Младост, Офицерски дом и Работнички универзитет Крсте.П.Мисирков, Дом за доенчиња и мали деца ( Одлука на Влада број 45-8931/1 од 10.12.2019 година), Кино Манаки и други.

| | |
|---|---|
| **Станови и деловни објекти** | 119.403.481,00 денари |
| Исправка на вредноста | 42.730.362,00 денари |
| **Сегашна вредност на објектите** | **76.673.119,00 денари** |

Вредноста на становите и деловни објекти се однесува на 8 станови во сопственост на Општина Битола , 4 дуќани , поранешно детско одморалиште Пелистер, вториот дел од зградата на поранешно Радио Битола, ќумурното игралиште, фудбалското игралиште во с. Горно Оризари, фудбалското игралиште во ОУ Даме Груев, две тениски игралишта (позади градскиот стадион),единечно тениско игралиште, детски паркови (Оу Даме Груев, ОУ Климент Охридски, ОУ Коле Канински, ДГ Пролет, ДГ Коца Василева УЗ Кочо Десано и др.

Во Билансот на состојба се искажани следните податоци кои се совпаѓаат со извештајот на пописната комисија.

| | |
|---|---|
| **Опрема** | 157.341.444,00 денари |
| Исправка на вредноста на опремата | 114.535.813,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **42.805.631,00 денари** |

| | |
|---|---|
| **Други материјални средства** | **26.308.147,00 денари** |

Другите материјални средства ја евидентираат вредноста на спомениците на културата (споменикот на Филип, споменикот Ангел на бранителите, и споменикот на Александар Турунџев) и дела на ликовната уметност ( слики ) со кој располага општината.

**Инвестиции во тек** **361.873.578,00 денари**

Во инвестиции во тек остануваат во евиденција: топловодот и реконструкцијата на градскиот Стадион под Тумбе кафе кој ја зголемува вредноста на инвестициите во тек за изведените активности во 2021 година.

**Долгорочни финансиски вложени и здружени средства** **2.012.901.486,00 денари**

Во оваа категорија е основачки влог на Општината Битола во јавните претпријатија, локалните јавни установи , Центар за развој на Пелагониски регион, КИЦ и јавно претпријатие за превоз на патници Пела и спортските клубови.

Според извештајот на третата комисија за побарувања и обврски се констатираа следните состојби :

**Непокриени трошоци** **78.549.422,00 денари**
Непокриените трошоци се однесуваат на примени средства по основ на долгорочен кредит за изградба на комплетна инфраструктура во АРМ- четврт 1 и 2.Со напомена дека веќе се отплатени седум рати од главниот долг.

**Пари на жиро сметка** **283.621.045,00 денари**
**Парични средства во касата**
**Бонови за гориво** **145.000,00 денари**

**Побарувањата се однесуваат на:** побарувања по основ на данок на имот за правни и физички лица е во износ од **152.374.023,00 денари**,побарувања по основ на издаден простор под закуп од деловни објекти и издавање на рекламни паноа **2.241.844,00 денари**, побарувања за користење на земјиште за поставена урбана опрема **3.253.087,00 денари**.
Комисијата во соработка со стручните служби констатира дека како други побарувања се побарувања по основ комунална такса за истакнување на фирма,комунална такса за музика за јавни локали,комунална такса за користење простор пред деловни простории,неплатен данок за наследство и подарок во износ од **137.325.830,00 денари**, и побарувања по основ на заведени судски спорови во износ од **7.212.840,00 денари**.

**Други краткорочни побарувања од службениците во општинската администрација** **169.918,00 денари.**

Побарувањата се однесуваат на дадени верни картички за бензин на шоферите и вработените во општината и ТППЕ единицата кои се задолжени за возилата и средства за патарини.

**Побарувања за дадени аванси,депозити и кауции** **6.564.076,00 денари**

Се однесуваат на средства дадени како кофинансирање за проектот Бенефит и Кино Култура.

**Други меѓусебни побарувања во односите со буџетот и фондовите** **59.885.227,00 денари.**

Побарувањата се од основните и средни училишта во чие име и сметка Општината измирила обврски(ел.енергија,превоз,нафта (53.065.095,00), побарувања од Агенцијата за рурален развој за урбанистички планови во село Дихово и Нижополе од 2016 година (1.063.080,00 денари),побарувања на средства од Агенцијата за рурален развој за инвестиција за настрешници во пазарот 5.757.052,00 денари.

**Обврските кон добавувачите во земјата на Општина Битола** **188.100.747,00 денари.**

Обврските се однесуваат за отворени обврски за кои фактурите или ситуациите стигнале со задоцнување , и за фактури кои пристигаат во први месец 2022 година, а се однесуваат за 12-ти месец 2021 година (179.434.479,00 денари).Сите обврски доспеваат или имаат рок за плаќање во 2022 година. Обврските се однесуваат и на обврски кон добавувачи -правни лица кои истовремено се и гаранции од правните лица за извршената работа на капиталните инвестиции на општината.(КЈП Нискоградба 6.511.772,00 денари). Обврски за судски постапки во тек и завршени со добиени судски пресуди во најголем дел се однесуваат на судски спорови со вработените во ТППЕ - Битола 1.453.996,00 денари, и спорни обврски за експропријација во износ од 368.400,00 денари.

**Обврски спрема добавувачи- граѓани** **332.100,00 денари.**
Тоа се обрски кон изведувачот на споменикот за поставување на споменикот на Александар Турунџев.

**Краткорочни финансиски обврски** во износ од **14.281.712,00 денари.**
Во овие обврски се евидентираат, обврските на Општина Битола за враќање на парите од Заемот од Светска банка за АРМ четврт 1 и 2 кои се доспеани за плаќање или доспеваат во наредната година и тоа главница и камата.

**Други краткорочни финансиски обврски** во износ од **595.576,00 денари.**
Тоа се обврските за нето износот на надоместок за советниците за месец 12-ти месец 2021 година, кој се исплаќа во јануари 2022 година.

**Други краткорочни финансиски обврски во буџетот во износ од** **873.575,00 денари.**
Тоа се евидентирани повеќе уплатени средства од корисниците на општински деловен простор.

**Обрските спрема државата и други институции** **103.069,00 денари.**
Ја опфаќа обврската за плаќање на персонален данок за надоместокот на советниците за 12-ти месец 2021 година и обврската за персонален данок за авторското дело за поставување на споменикот на Александар Турунџев.

**Пресметка и обврски за плати** **5.488.771,00 денари.**

Обрските се однесуваат на неисплатената плата на општинската администрација за 12-ти месец 2021 година.

**Материјали на залиха** **3.767.216,00 денари.**
Се однесуваат на материјали, за новогодишно украсување, канцелариски материјал и др.
**Ситниот инвентар и неговата исправка** се со износ од **9.755.501,00 денари.**

**Во класата 9- Извори на средства и вонбилансна евиденција** **3.722.260.024,00 денари**.

Во класата 9 се евидентирани сегашните вредности на нематеријалните, материјалните добра, основачките влогови на општината во локалните јавни установи и објектите дадени на користење на општината од Владата на Р.М, дел од капиталните инвестиции на општината ( градскиот Стадион под Тумбе кафе, изградба на Кино Манаки,изградба и реконструкција на водоводни системи , канализациона мрежа и коловози во општина Битола, залихата на материјали за новогодишно украсување и канцелариски материјали, објекти и спортски објекти во сопственост на Општина Битола,добиените средства од домашно задолжување, возниот парк на Општина Битола , опремата , канцелариски мебел и др.
При прегледот на заведени судски спорови спрема општината утврдени се заведени спорови за надомест на штета без определена вредност (физички лица за експропријација) и др.

### 4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации за делегирани надлежности

Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи или ставката 482 која ги опфаќа: подготвување на проекти за улици, патишта, пречистителни станици, водоводи, енергетика и други објекти, изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи, изградба и реконструкција на пречестителни станици, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката и е реализирана во износ од **362.937.539,00 денари**.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за улици, патишта и автопати** потрошени се средства во износ од **6.223.142,00 денари**. Изработени се елаборат за заштита на животна средина за реконструкција на ул. Љубојно, ул. 7-ми Јули, ул. Ѓ. Ѓ.-Џоџа, ул. Пробиштип, ул. Довлеџик, ул. Кленовец, на ул. Сутјеска, проект за реконструкција на коловоз на улица Цане Василев и Ари Ангеловски, елаборат за нумерички податоци за изградба на улици во с.Логоварди, проект за реконструкција на коловоз на паркинг пред Спортска сала Боро Чурлевски, елаборат за нумерички податоци за пат во с.Буково, ревизија на проект за локален пат с. Острец, геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога за кружен тек Дулие, проект за реконструкција на пешачка патека и одводни риголи околу Тумбе кафе, сообраќаен проект за режим на ул.8-ми Септември, елаборат за обележување на проектирана градба на ул. Херцеговина, ул.Малдински Бригади и др.

**За изградба и реконструкција на улици, патишта и автопати** потрошени се средства во износ од **125.848.436,00 денари**. Вложени се средства за изградба и реконструкција на следните улици: Тошо Даскало, Бранко Радичевиќ, Димитар И. Мурато, Херцеговина, поставување на гранитни плочки во старата Битолска чаршија и Широк сокак, реконструкција на локален пат с. Маловишта, с.Барешани, с.Магарево, с.Острец, рехабилитација на коловоз на ул.Смилевски Конгрес, санација на тротоари и партерно уредување, санација на ударни дупки, реконструкција на улица Илинденска, реконструкција на улица Партизанска од Веро до улица М.А.Ченто, санација на тротоари и партерно уредување и др.

**За подготвување на проекти, вклучувајќи дизајн на мостови** потрошени се средства во износ од **1.269.208,00 денари**. Вложени се средства за проект за изградба на мост на р.Курделес и проект за инфраструктура на мост на р.Драгор и проект за режим на сообраќај за време на реконструкцијата на мостот кај Безистен.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за пречистетилни станици и колектори** потрошени се средства во износ од **51.127,00 денари** и тоа за елаборат за нумерички податоци за измени во тек на градба на отворен канал, елаборат за нумерички податоци за канализација за с.Буково, ревизија на проект за атмосферска канализација на улица Довлеџик,ревизија на проект за реконструкција на мешовита канализација на улица Пробиштип, Кленовец, Џоџа и др.

**За изградба и реконструкција на пречистителни станици и колектори** потрошени се средства во износ од **29.799.599,00 денари**, изработка на колектор за фекална канализација во с.Буково, санација на отворен канал кај Гени мале-Мал Париз, изработка на приклучоци за мешовита канализација на ул.Партизанска, ул.Илинденска, чистење на канал над Бадембалари, покривање на постоечки канал во АРМ, машинско чистење на канали во с.Лавци и с.Крклино, реконструкција на мешовита канализација на ул.Т. Даскало, ул.Кленовец, ул.Рузвелтова, ул.Пробиштип, машинско чистење на канали во с.Олевени, с.Оптичари и Г.Оризари, санација на решетки на ул.Цане Василев и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **57.284,00 денари**, ревизија на проект за реконструкција на водовод на ул. Кленовец, ревизија на проект за водовод на улиците Пробиштип и Ѓ.Џоџа, проект за реконструкција на водоводна мрежа на ул.Македонска фаланга и проект за водовод за Булевар 1-ви Мај од ул. Д. Радосавлевиќ до спој со ул. 4-ти Ноември.

**За реконструкција на капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **12.195.205,00 денари** и тоа: изведување на водоводна линија на ул.Партизанска, изработка на приклучоци за водовод на ул.Илинденска, реконструкција на водоводна мрежа ул.Никола Киров Мајски, реконструкција на водоводна линија за Офицерски дом, водоводна линија на ул.АСНОМ, ул. Македонска фаланга, реконструкција на водоводна линија на на ул.Ари Ангелевски и ул. Пробиштип и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети за енергетика** потрошени се средства во износ од **1.747.071,00 денари**, за проект за улично осветлување на ул. Булевар 1-ви Мај од ул. Д. Радосавлевиќ до спој со ул. 4-

ти Ноември, проект за реконструкција за ул.Македонска фаланга, основен проект за дистрибутивна гасоводна мрежа во корелација со топлификација, ревизија на проект за улично осветлување на паркинг пред сала Боро Чурлевски и др.

**За изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката** потрошени се средства во износ од **12.835.336,00 денари** и тоа: дислокација на дел од дистрибутивна мрежа со дислокација на броила на ул.Рузвелтова, ул. Довлеџик, ул. Д. Радосавлевиќ, улично осветлување на ул.Григор Прличев, приклучок на дистрибутивна мрежа на објект Градски стадион, изведување на улично осветлување на ул.Крушевска Република, дислокација на мрежа на мост-канал Курделес, одржување на инсталации за греење во основните и средни училишта, градинките и општинската зграда и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за други објекти** потрошени се средства во износ од **1.973.831,00 денари,** и тоа за елаборат за поставување на детски паркови во основни училишта и детски градинки, геодетски елаборат за обележување на настрешници во пазарот, елаборат за нумерички падатоци за зона Жабени, елаборат за модуларната болница за ковид, основен проект за адаптација на Офицерски дом, проект за поставување на урбана опрема, проект за рушење на објект МЗ Борис Бастеро, проект за адаптација и пренамена на Дом за доенчиња во градинка, конзерваторски проект за реконструкција на старо воено кино, елаборат за обележување на градба за партерно уредување за Офицерски дом и др.

**За изградба и реконструкција на други објекти** потрошени се средства во износ од **168.472.080,00 денари** и тоа за: изградба на настрешници во Градскиот пазар, изградба на детски парк во ОУ Даме Груев, уредување на парковно зеленило и пристапна патека околу игралиште во с.Лопатица, набавка на материјали за реновирање УЗ Панде Кајзеро, градежен материјал за училиште во с.Доленци, с.Оптичари, Г. Оризари, с.Доленци, промена на оштетени стакла во ОУ К. П. Мисирков, градежен материјал за реновирање на Опшинската зграда, ОУ Даме Груев, ОУ Климент Охридски, набавка на материјали за ОУ К. П. Мисирковво с.Меџитлија, машинско чистење и рамнење на терен кај Модуларната болница, изградба на северна трибина на Стадион Тумбе кафе, реконструкција на спортски терен во ОУ Тодор Ангелевски, занаетчиски работи во Кино Манаки, партерно уредување околу Офицерски Дом, изградба на детски парк во МЗ Кочо Десано, реконструкција на пешачка патека и одводни риголи на Тумбе кафе и др.

**За надзор над изградбата на претходно споменатите проекти** потрошени се средства во износ од **2.465.220,00 денари.**

**На сметката Дотации на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупно Приходи** | **957.577.247** | **806.137.898** |
| **74 Трансфери и донации** | 957.577.247 | 806.137.898 |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 957.577.247 | 806.137.898 |




**сл.7 Вкупни приходи сметка Дотации**

Приходите на оваа сметка се остварени по основ на Трансфери од други нивоа на власт односно од соодветните Министерства на локалните јавни установи и пренесениот вишок на приходи од претходната година.

## На сметката Дотации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **957.577.247** | **804.555.676** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **773.134.335** | **725.174.667** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 556.280.481 | 521.469.013 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 216.853.854 | 203.705.654 |
| **42 Стоки и услуги** | **81.619.498** | **44.082.690** |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 39.595.397 | 30.948.137 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 4.047.278 | 1.440.283 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 27.121.423 | 2.470.836 |
| 425 Договорни услуги | 9.946.050 | 8.641.322 |
| 426 Др.тековни расходи | 909.350 | 582.112 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **4.790.000** | **338.510** |
| 464 Разни трансфери | **4.790.000** | **338.510** |
| **48 Капитални расходи** | **98.033.414** | **34.959.809** |
| 480 Купување на опрема и машини | 14.623.262 | 6.129.273 |
| 482 Др.градежни работи | 78.589.652 | 28.129.145 |
| 483 Купување на мебел | 4.820.500 | 701.391 |




**сл.8 Вкупни расходи сметка Дотации**

***Корисници на средства од наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација за се во износ од 804.555.676,00 денари од планираните 957.577.247,00 денари или 84,02% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 521.469.013,00 денари, од планираните 556.280.481,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 203.705.654,00 денари, од планираните 216.853.854,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 30.948.137,00 денари од планираните 39.595.397,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар, реализирани се трошоци во износ од 1.440.283,00 денари, од планираните 4.047.278,00 денари.

Ставка 424- Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 2.470.836,00 денари, од планираните 27.121.423,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 8.641.322,00 денари, од планираните 9.946.050,00 денари.

Ставка 426- Други оперативни расходи од планираните 909.350,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 582.112,00 денари.

Ставка 464- Разни трансфери е планирана со износ од 4.790.000,00 денари, реализирана е со износ од 338.510,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини е планирана со износ од 14.623.262,00 денари, реализирана со 6.129.273,00 денари.

Ставка 482- Други градежни објекти бил планиран износ од 78.589.652,00 денари, реализирани се средства во износ од 28.129.145,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел бил планиран износ од 4.820.500,00 денари, реализирани се средства во износ од 701.391,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1- Детски градинки е 56,92%, В2- Дом за стари лица 50,04 %, К3- Музејска и кинотечна дејност е 91,14%, Н1- Основно образование со 97,03%, Н2- Средно образование со 81% и програмата Ђ0- Противпожарна заштита со 96,03%.

Резултатите во 2021 година не ќе беше можно да бидат постигнати без соодветна подршка на Советот на Општина Битола. Советот одржа вкупно 21 редовна и 1 вонредна седница на кои беа разгледани 398 точки. Навременото и ефикасно донесување на одлуките позитивно влијаеше врз реализацијата на програмите на Општината.

Постигнатото го реализираше општинската администрација, организирана во 6 сектори, 18 одделенија и една единица, со организиран едношалтерски систем на услуги за делокругот на обврските на локалната самоуправа.

**Бр 09-47/5**
**15.03.2022 год.**
**Битола**

**Сектор за финансиски прашања на Општина Битола**